РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-242/2
02-02-2024 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на првото продолжение од 99 -та седница, одржана на ден 30.01.2024 година донесе

**ОДЛУКА**

Пријавата заведена под број 12-242/1 од 18.01.2022 година, доставена од непознат подносител против --- со наводи за кршење на правата на вработените административни службеници како и за кршење на Законот за мнимиална плата, **СЕ ОТФРЛА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување од причина што по пријавените дејствија и активности постапува друг надлежен орган.

Предметот со број 12-242/1 од 18.01.2022 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

**Образложение**

Од страна на непознат подносител, на ден 18.01.2022 година, поднесена е пријава против --- работи со наводи за кршење на правата на вработените административни службеници како и за кршење на Законот за мнимиална плата.

При надлежното постапување по предметниот случај ДКСК констатира дека по однос на пријавените дејствија и активности друг орган е надлежен да постапува.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема елементи за надлежно постапување по овој предмет и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Доставено до:
- Подносителот на пријавата

Одобрил: Ш.С.,Член на ДКСК

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
Претседател
Биљана Ивановска

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk